Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
м-р Марија Маневска, генерален секретар

*Лектор*
Весна Илиевска Цветановска

*Техничко уредување*
Зоран Кордоски
м-р Елизабета Додевска

# ДЕЛОВНИК
## за работа на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Врз основа на член 17, став 1, точка 8 од Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 674/2024), Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 1.4.2024 година, го донесе следниов

**ДЕЛОВНИК**
**за работа на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој деловник се уредува начинот на работа на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Советот за квалитет).

**Член 2**

Одредбите од Деловникот за работа на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" соодветно се применуваат и во работата на Советот за квалитет, ако со овој деловник не е поинаку уредено.

**Член 3**

Одредбите на овој деловник може да се применуваат и при работата на советите за квалитет на единиците во состав на Универзитетот.

## 2. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ ЗА КВАЛИТЕТ

**Член 4**

Конститутивната седница на Советот за квалитет ја свикува највозрасниот член на Советот за квалитет во рок од 15 дена од денот на именувањето на членовите на Советот за квалитет.

Со конститутивната седница, до изборот на претседател, претседава највозрасниот присутен член на Советот за квалитет.

**Член 5**

Во работата на Советот учествува и раководителот на Центарот за квалитет, без право на глас.

На седниците на Советот за квалитет може да се поканат да присуствуваат претставници на Ректорската управа, Советот за квалитет на единиците, деканите/директорите, продеканите, претставници на други установи, институции, организации и други правни и физички лица.

**Член 6**

(1) Предлогот на дневниот ред за седницата, како и датумот, денот, местото, времето и начинот на одржување на седницата се утврдуваат од страна на претседателот на Советот за квалитет во соработка со генералниот секретар на Универзитетот/ претставник на Централната стручна и административна служба.

(2) Право да предлага точки за дневен ред на седница има секој член на Советот за квалитет, раководителот на Центарот за квалитет на Универзитетот и на единиците, ректорот/ деканите/директорите. Предлогот се доставува во писмена форма, преку архивата на Универзитетот, најмалку 15 дена пред одржувањето на седницата.

**Член 7**

(1) По усвојувањето на дневниот ред и записникот, се преминува на претресување на прашањата од дневниот ред.

(2) Претресот по поединечните точки започнува со излагање на известителот по точката, кое не може да биде подолго од 10 минути и трае сè додека по него има пријавено учесници за збор/дискусија. Секој учесник има право на дискусија до 5 минути, но не повеќе од два пати за иста точка.

## 3. ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА КВАЛИТЕТ

### 5.1. Избор на претседател на Советот за квалитет

**Член 8**

(1) На конститутивната седница се врши избор на претседател на Советот за квалитет.

(2) Членовите на Советот, со јавно гласање, избираат претседател на Советот за квалитет од редот на наставниците, членови на Советот, со мандат од три години, со право на повторен избор.

(3) За избран се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 9**

(1) Предлог за избор на претседател на Советот за квалитет дава ректорот на Универзитетот.

(2) Предлогот се доставува во писмена форма пред одржување на конститутивната седница на Советот за квалитет.

**Член 10**

(1) Претседателот на Советот за квалитет за својата работа одговара пред Советот за квалитет и пред ректорот.

(2) Претседателот на Советот за квалитет може да биде разрешен ако:
- сам побара,
- сериозно ги прекршува одредбите од актите на Универзитетот и други прописи,
- тоа образложено го побара ректорот, или
- тоа образложено го побараат најмалку една третина од вкупниот број членови на Советот за квалитет.

(3) Советот за квалитет одлучува со тајно гласање, при што не гласа претседателот на Советот за квалитет за кој е даден предлог за разрешување.

(4) Одлуката се смета за донесена доколку за разрешување гласало мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

## 4. ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ

**Член 11**

Единиците на Универзитетот подготвуваат *годишен акциски план на единиците* и *годишен извештај за реализација на акцискиот план*, за кои мислење дава Советот за квалитет на Универзитетот.

**Член 12**

Годишниот акциски план и годишниот извештај за реализација на акцискиот план се доставуваат во електронска форма, на е-адреса и во рокови утврдени од Советот за квалитет.

**Член 13**

(1) Советот за квалитет донесува одлука за определување на известители за годишните акциски планови и годишните извештаи за реализација на акцискиот план.

(2) Известител за годишните акциски планови и годишните извештаи за реализација на акцискиот план може да биде само член на Советот за квалитет од редот на наставниците.

(3) При донесувањето на одлуката за распределување на годишните акциски планови и годишните извештаи за реализација на акцискиот план, по известители, Советот за квалитет води сметка за соодветноста на научните подрачја на поднесениот годишен акциски план, односно годишен извештај за реализација на акцискиот план и определениот известител, како и превенцијата на судирот на интереси.

**Член 14**

(1) Известителот подготвува нацрт-мислење за годишните акциски планови и годишните извештаи за реализација на акциски план во рок од 30 дена од денот на приемот.

(2) Нацрт-мислењето од став (1) на овој член содржи краток осврт на позитивните и негативите страни на годишните акциски планови, односно годишните извештаи за реализација на акциски план, техничките забелешки и суштински недостатоци и предлог согласно со чл. 15 став (1 )од овој деловник.

(3) Нацрт-мислење со придружната документација во електронска форма се доставува до членовите на Советот најмалку седум дена пред седницата на Советот за квалитет.

(4) Членовите на Советот на квалитет се должни да ги проучат доставените материјали и да се изјаснат на седницата на Советот на која се разгледува нацрт-мислењето.

(5) Во случај да не биде усвоено предложеното нацрт-мислење, Советот за квалитет е должен на истата седница да донесе одлука за определување на нов известител.

**Член 15**

(1) Врз основа на доставеното нацрт-мислење за годишните акциски планови и годишните извештаи за реализација на акциски план и одржаниот претрес на седницата, Советот за квалитет може да донесе:

- позитивно мислење,
- позитивно мислење со технички забелешки, и
- мислење со кое се за враќање на доработка поради суштински недостатоци.

(2) Во случаите кога е дадено позитивно мислење со технички забелешки, единицата на Универзитетот постапува по забелешките во рок од осум дена. Доколку техничките забелешки се отстранети, претседателот го потпишува позитивното мислење и за тоа го известува Советот за квалитет на првата наредна седница.

(3) Во случаите кога годишниот акциски план, односно годишниот извештај за реализација на акциски план е вратен на доработка, единицата е должна да постапи во рок од 30 дена и да достави ревидиран годишен акциски план, односно годишен извештај за реализација на акциски план.

(4) Советот за квалитет го разгледува ревидираниот годишен акциски план, односно годишен извештај за реализација на акциски план и донесува мислење согласно со став 1 од овој член.

(5) Советот за квалитет може да го врати годишниот акциски план, односно годишниот извештај за реализација на акциски план на доработка најмногу двапати.

(6) Доколку и по втората доработка не се отстранети суштинските недостатоци, Советот за квалитет го известува ректорот на Универзитетот.

**Член 16**

(1) Актите што ги донесува Советот за квалитет ги потпишува претседателот.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Овој деловник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Претседател на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Проф. д-р Мишо Докмановиќ, с.р.**